## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 50 став 6 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08 и 67/10, 47/11, 53/11, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15, 193/15, 39/16 и 83/18), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ДОЗВОЛАТА ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ И ОБРАЗЕЦОТ ЗА ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА И ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

### Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на образецот на дозволата за рекреативен риболов и образецот за водење евиденција, начинот на водење на евиденцијата и доставување на податоците („Службен весник на Република Македонија" бр. 162/10) во членот 2 во ставот 1 зборовите "Република Македонија" се заменуваат со зборовите

"Република Северна Македонија"

Ставот 2 се менува и гласи:

"Предната страна на државната дозвола содржи: грб на Република Северна Македонија, под него: Република Северна Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство", државна дозвола за рекреативен риболов, важи за ______ година, место за фотографија, име и презиме, број на легитимација и број на дозвола."

Ставот 3 се менува и гласи:

"Задната страна на државната дозвола содржи: се издава и важи за сите риболовни води во Република Северна Македонија доделени на концесија за рекреативен риболов само со легитимација за рекреативен риболов на сопственикот на дозволата, место за печат, потпис на овластено лице и надоместок во денари."

### Член 2

Во членот 4 ставот 4 се менува и гласи:

“Делот од дозволата кој се дава на рекреативниот риболовец содржи: Концесионер, риболовен ревир или рекреативна зона, име и презиме, број на легитимација за рекреативен риболов, ден/период на важност на дозволата, надоместок во денари, место за печат и се издава и важи само со легитимација за рекреативен риболов на сопственикот на дозволата.”

**Член 3**

Прилогозите 1 и 3 се заменуваат со нови Прилогози 1 и 3 кои се составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.33-9236/4
8 октомври 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.

Прилог 1

Образец на годишна дозвола за рекреативен риболов – државна дозвола

Предна страна

Место за фотографија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО
ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

**ДРЖАВНА ДОЗВОЛА**

ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ

Важи за __________ година

Број на легитимација:

Број на дозвола:

Задна страна

СЕ ИЗДАВА И ВАЖИ ЗА СИТЕ РИБОЛОВНИ ВОДИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДОДЕЛЕНИ НА КОНЦЕСИЈА ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ САМО СО ЛЕГИТИМАЦИЈА ЗА РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ НА СОПСТВЕНИКОТ НА ДОЗВОЛАТА

МП

Потпис на овластено лице

Надоместок во денари

Прилог 3

Образец на петнаесетдневната, седумдневната и еднодневната дозвола за рекреативен риболов

Сериски број

______________________

назив на концесионер

______________________

риболовен ревир или рекреативна зона

______________________

име и презиме

______________________

број на легитимација за рекреативен риболов

______________________

ден/период на важност на дозволата

______________________

дата и место на издавање

______________________

надоместок (денари)

МП

Сериски број

______________________________________

концесионер

______________________________________

риболовен ревир или рекреативна зона

______________________________________

име и презиме

______________________________________

број на легитимација за рекреативен риболов

______________________________________

ден / период на важност на дозволата

______________________________________

надоместок во денари

МП

Се издава и важи само со легитимација за рекреативен риболов на сопственикот на дозволата